# ОД НАС ЗА НАС

Списание направено од сексуални работници за сексуални работници

Број 5
Март/април
2009





## Како масерките заработуваат од "Еротска масажа"

## ОД СПОМЕНАРИТЕ НА ЕДНА ПРОСТИТУТКА



## Секс, јадење и пиење за само 70 евра

## Секс и дрога смртоносен миг





## Зошто мажите мразат кондоми?

# ОД СПОМЕНАРИТЕ НА ЕДНА ПРОСТИТУТКА



И по којзнае кој пат јас сум таа што губи. Јас сум таа што со скршено срце ќе се повлече од играта во која од самиот почеток и беше одредено скршено срце, солзи кои печат и болат, и едно големо искрено пријателство.

А дали тоа пријателство може да ми ја намали болката од нешто што е најболно од се-невозвратената љубов. Да бидеш проститутка, курва. Но јас сум и мајка. Или тоа е само една капка мед во чашата на очајот, капка која не може да го ублажи сето она што е посилно од се.

**Сега за се е предоцна.**

Друг сакам а тој ме има. Тој ме има а јас сум само едно врапче кое преку решетките на кафезот ќе го набљудува кралот на височините, величествениот орел кој во своите канџи го држи пленот и го крева до најголемите височини, до небото. А јас не само што сум проститутка, јас сум и немоќно суштество, заробена меѓу решетките на мојата колебливост и страв дека ќе бидам повредена. Можеби поради мојата достоинственост не ја подарив мојата љубов од се срце, плашејќи се дека таквиот подарок не е потребен и ќе биде отфрлен. А додека љубовта и понатаму трепери во моето срце како дете во студена лулка, ти ме задушуваш и гушиш од болка.

**Да, јас сум керка, мајка... јас сум проститутка!!!**

Но и покрај се ништо не ме спречува да

продолжам да те сакам, а тоа е можеби и единственото нешто што го правам!!!

**Тина**

... Две години талкање по улици. Две години проститутка. Две години од нашата разделба. Две години непознати усни секојдневно се сладат со моето тело. Две болни години исполнети со болка и очај во срцето, со солзи во очите, две години кои прераскажани во стихови наликуваат на помен.

А дали тој помен заробен во спомените може да се преболи, дали вистината заробена во канџите на злото може да се извади?! Да ти победи!!!

Од вечерва се откажувам од играта во која неуморно и до смрт се борев, ти победи и продолжуваш понатаму, а јас...јас заминувам далеку!

Далеку, таму каде што нема никој да ме прашува за тебе, таму каде што никој незнае ни за мене. А ке се обидам да премолчам и јас, да кажам некој збор во кој ќе го нема твоето име. Ќе исчезнам засекогаш од тебе, ќе останам сама со своите улици мразејќи се и сметајќи се како губитник. Но тоа е вистината, а таа толку боли. Вистината дека ме сакаш, дека неможеш ни миг без мене, сега станува само ефтина приказна. Ја сакаш неа, затоа што ти значат годините, оние две години во кои градиш среќа врз мојата сопствена болка. А сопствената болка е она што ме тера да побегнам уште подалеку од тебе, а верувај ми до смрт ме боли. Но храброста се помалку е присутна во моето тело. И сите овие спомени кои две години ги редам по сокаци и темници, ке останат на оваа хартија заклучени, потсетувајќи ме некогаш.... некогаш во староста, за личност која ме научи што е болка во љубовта.

Незнам, можеби и понатаму ке продолжам да те сакам, но и ако се опоравам...ова ке остане ако не во спомените, тогаш во моето срце како длабока лузна. Никогаш повеќе нема да продолжам да љубам плашејќи се да не изгубам, никогаш повеќе нема да продолжам да пишувам, плашејќи се дека секој нов збор ќе ми започне со твоето име. Никогаш повеќе талкање по темни улици и сокаци, никогаш повеќе улични непознати допири и ефтини пари. Мразам туѓи допири, единствено ти можеше целосно да ме осетиш. Никогаш повеќе таму, сега сум сама и се плашам, којзнае можеби таму ќе те сретнам, а не сакам! Порано те барав, те оживував во секој нов што ќе го сретнев, но жив никаде те немав. Те барав во се и сешто, а барајќи можев само да те сретнам, но не и да те најдам...но не и да те најдам!!!

**Тина**



# Од проститутка и стриптизета, стана калуѓерка

Една од најпознатите проститутки и танчерки Ана Нобили, која порано работела како танчерка а подоцна и како проститутка во Мајами, одлучила да го промени животот и да му се посвети на Бога. Освен што се посветила на духовниот живот, Нобили одлучила своите танци да ги внесе во црквата.

Ана направила кореографија посветена на Господ а својот нов танц го нарекла "Светиот Танц". Нејзиниот настап е најавен во претставата Библија која ке се изведе во Рим.

Сестра Нобили која себе си се нарекува "Божја Балерина" изјавила дека досега животот го барала на погрешни места а најчесто денот и бил исполнет со алхохол, секс и дрога.



Сега мојот живот е трансформиран. Ке играм само за Бога. Сакам својата молитва да ја пренесам преку телото изјавила Ана.

# Како масерките заработуваат од "Еротска масажа"

Некои мажи сакаат совршено опуштање, релаксациони масажи со свршување. Тоа впрочем е еден нов метод на заработка во нашите салони за масажи. Зошто секојдневно мажите фрлаат пари на масажи кои понекогаш чинат дури и по 100-тина евра?!

Секоја масажа ги комбинира физичкиот и духовниот аспект, и ако правилно се изведува може да биде опуштена и секси онолку колку што вие сакате. За потполно да го опуштите вашиот клиент и нормално тој повторно да се врати на еротска масажа кај вас направете го следново: Запалете мирисливи свеќи, пуштете романтична музика, на креветот постелете бел или црвен чаршав, подгответе пешкири и исклучете го мобилниот телефон.

За добра масажа потребно ви е и масло за масирање. Важно е да запамтите дека маслото ги уништува кондомите од латекс, па поради тоа доколку веке масажата ја комплетирате со секс обидете се да си набавите кондоми кои не се изградени од латекс. Пред да почнете важно е да разговарате со клиентот и да му објасните што е тоа еротска масажа. Опишете ја како нежна, сладострасна активност која подразбира допирање на интимните делови



од телото. Започнете со нежно допирање со прстите на грбот на клиентот. Правете го тоа нежно и полека. Преминувајте полека од еден дел од телото на друг, а задржете се на рамената, стапалата и рацете.

Кога клиентот потполно ке се опушти и кога ке процените дека е вистинскиот момент, лежерно и полека лизгајте ги дланките кон внатрешната страна на колковите, односно почнете да му го мастурбирате. За да си ги одморите рацете , направете пауза, мегутоа не престанувајте туку продолжете да му го масирате пенисот со градите. Тоа најмногу ке го напали. И не заборавајте, прво пари на рака па после нека ужива во масажа!

# Од крема за раце пукаат кондомите



Ако припаѓате во група на оние Сексуални работници кои што за навлажнување користат крема за раце додека користат кондом, треба да се загрижите. Постојат други нешта кои ке ја овозможат потребната влажност а нема да и наштетат на заштитата. Бидете разумни и побарајте лубриканти од вашиот теренски работник.

Многумина за подмачкување при користењето на кондоми користат крема за раце иако стручњаците не го препорачуваат тоа. Истражувањето кое што го спровеле група доктори покажало дека мажите на кои што најчесто им пукаат кондомите користат крема за раце, а речиси секоја крема за раце содржи некој вид на масло.

Масноста на кремите почнува да го уништува латексот веднаш по допирот, па затоа се препорачува влажнењето да се прави врз база на вода односно лубриканти.

# Секс, јадење и пиење за само 70 евра



Соочена со економската криза која придонесе за намалување на бројот на клиенти и тоа за околу 30 %, една јавна куќа во Берлин понуди "Full package" услуга за само 70 евра.

Со новата услуга покрај сексуални услуги, се нудат јадење и пиење во неограничени количини. Покрај девојките вработени во борделот, за истата цена може да се ангажира и сопственичката на борделот која веке не е во цветот на младоста, но сепак најмногу искусна. Борделот се наоѓа во јужниот дел на Берлин на патот кон аеродромот Шонфелд.



# Секс и дрога смртоносен миг

Ако сексот го сватиме онака како што треба, тоа е напорна физичка активност, а во комбинација со лоши додатоци....сексот неретко може да биде и смртоносен.

Недоволно течности и користење на дрога пред сексот се докажана фатална комбинација, пред се поради дехидрацијата на организмот. Како и при секој спорт, и кај сексот е важно да се има течност покрај себе. Во дивата предигра човекот губи многу течности па затоа некогаш по сексот следи главоболка, што е производ на дехидрација. Чаша млеко пред секс би можело да ве поштеди од дехидрација, додека чаша вода по сексот е најдобро да ви стане навика.

Потењето и црвенилото укажуваат на забрзана работа на срцето, а половина час љубење и мазење може да го забрзаат срцето еднакво како на трчање од пет киломтери.

## Во јапонскиот град Кавасаки некогаш проститутките се собирале околу големи статуи на пениси, со цел да се молат за заштита од полово

Легендата говори дека еден ковач, направил еден мал метален пенис за да го уништи демонот кој се сокрил во некое мало девојче. Се верува дека демонот кастрирал двајца мажи, а металниот пенис требало да ги избрка демоните.





Денес, секоја недела во април, Јапонците го организираат годишниот фестивал на пениси со цел да соберат средства за истражување за сидата и останатите полово преносливи болести.

На фестивалот, илјадници луѓе парадираат по улиците носејќи огромни статуи на пениси. Некои луѓе од овој фестивал направиле семеен празник, па така со себе ги носат и децата. Храната во облик на пенис, лижавчиња и сладоледи, се само некои од деталите на фестивалот, на кој мажите, жените па и децата спремно позираат додека седат на огромните пениси за кои веруваат дека ке им донесат среќа во бракот, љубов и благосостојба.

# Наплата на ДДВ за секс и дрога

Судот во Швајцарија одлучил дека данок на дододена вредност мора да се плаќа на секоја стока и услуга во трговијата, па така и на услугите на проститутките.



Така стои во образложението на судот, кој ја отфрлил жалбата поднесена од сопственик на бордел.

Сопственикот кој добил наредба да плати 95 илјади швајцарски франци за ДДВ на услугите кои ги нуди, тврди дека властите неможат да одданочуваат проституција.

Судот, типично швајцарски го протолкувал законот и вели: Секоја трговија, па било тоа да е продажба на дрога или сексуални услуги, подлежи на ДДВ.

Неодамна, Швајцарскиот суд во слична жалба одлучил дека и салоните за масажа мораат да плаќаат ДДВ, како и секој друг трговец.

# Зошто мажите мразат кондоми?



**Зошто мажите на ги сакаат кондомите? Сите сме свесни дека сексот без заштита е ризичен и неодговорен, но сепак ретки се оние кои редовно и со задоволство користат кондом.**

**Зошто е тоа така?**

Кои се најчестите проблеми со кондомите и зошто мажите ги мразат?

**Кондомот нека биде услов**

Немојте да наседнувате на приказната дека заборавил да купи, и дека само овој пат можете и без нив.

Секогаш имајте ги крај себе, за секој случај!!!

Ако тој пробува да ве убеди со муабетот дека мрази кондоми, поставете му услов: Или кондом или ништо од сексот !!!

Освен што штити од разни инфекции, вируси и Хив, нема да морате да се плашите од несакана бременост.

**Срцка, мразам конодми...**

Поголемиот број на мажи ке ви речат дека поради кондомот не чувствуваат ништо.

Со цел да го засилите чувството во текот на сексот користете специјално премачкани кондоми, или пак купете ултра тенки кондоми, кои дополнително ке ја зајакнат стимулацијата.

**Страв од изостанок на ерекција...**

Некои мажи се плашат од страв од изостанок на ерекцијата кога ке стават кондом. Тоа најчесто е поврзано со нивното потсвесно убедување дека кондомот е срамота за мажот, или пак од некоја слична замислена приказна.

Со редовно користење на кондомот, овие стравови со текот на времето ке исчезнат.

**Мали незгоди...**

Речиси на сите барем по еднаш ни се случило по некоја незгода со кондомите. Оштетување, испаѓање, пукање...може да им се случи на сите. Најважно е да ја задржите ладната глава и да не паничите.

И запамтете, постојат многу секси начини на ставање на кондомот, што може да биде многу забавно.

# Зелениот чај чувар на убавината

Зелениот чај е мошне популарен напиток како кај атлетичарите така и кај обичните луѓе. Веќе е докажано дека консумирањето на зелениот чај го забрзува метаболизмот кој е есенцијален за губењето на телесната тежина. Истовремено ги согорува мастите и му обезбедува енергија на вашето тело. Секојдневното пиење на зелен чај ви помага да согорите 80 калории дневно.

Дерматолозите откриле дека зелениот чај има посебно влијание врз човечката кожа, особено врз егзимите и акните.

Експертите тврдат дека овој напиток содржи повеќе антиоксиданси од било кој друг продукт за убавина кој е зботатен со вештачки антиоксиданси и витамини А, Ц, и Е. Доколку сакате да го ревитализирате своето лице направете смеса од една лажичка листови од зелен чај и три лажички мајонез. Смесата нанесете ја на лицето и оставете да делува 20 минути, а потоа измијте се со една чаша зелен чај.



# ХИВ ке добиете и со орален секс

Не се тешете повеќе дека ХИВ вирусот може да се пренесе со орален секс само ако усната шуплина има отворени повреди!!!

Добиените резултати од долгите истражувања покажаа дека покрај ваѓиналниот и аналниот секс, вирусот се пренесува и со орален.

Плунката е таа која што не дозволува луѓето да се здобијат со ХИВ ако пијат од иста чаша со заболеното лице или ако се бакнуваат со него.

Меѓутоа последното истражување на националниот здравствен институт даде разумно објаснување за преносот на Хив вирусот по пат на орален секс.

За заразувањето преку орален секс виновни се крајниците.

Кај нив се наоѓаат молекули кои му помагаат на Хив вирусот да ги зарази околните станици, и да го пренесе генетскиот заразен материјал во човековиот материјал.



# Апче за утрото по сексот



Секоја сексуално активна жена треба редовно да оди на гинеколошки преглед и со докторот да се советува за контрацептивните средства.

Мошне е важно и со партнерот да се разговара за ова прашање. Идеално средство за контрацепција не постои, но ако не користите буквално никаков метод за заштита, постојат големи шанси да се дојде до несакана бременост.

Не заборавајте дека абортусот не е средство за контрацепција, туку интервенција која има последици по здравјето.

Урѓентната контрацепција или попозната како “апче за утрото по тоа” не е идеален метод за заштита од несакана бременост, но секако е подобар избор од абортусот. Таа не е штетна, нема контраиндикации, не го попречува менструалниот циклус, и ако постои опасност од несакана бременост, подобро е да се земе ова средство отколку се да се остави во рацете на судбината.

Особено е важно да се запамети дека пред да се земе апчето за утрото по тоа, мора да се изврши консултација со гинеколог.

Контрацептивната таблета не треба да се користи како редовна контрацепција, но може да се примени повеќе од еднаш за време на менструалниот циклус. Наједноставно е на пример да земете две таблети најдоцна 72 часа после сексуалниот однос. Двете таблети може да се земат наеднаш, или една по една на 12 саати.

Следната менструација ке дојде на време, а во ретки случаи може да доцни некој ден. Овие лекови никогаш не треба да се земат на своја рака, мислењето на гинекологот е клучно.

Ургентната контрацепција ја спречува несаканата бременост во околу 75% од случаите, но имајте во предвид дека овие лекови не штитат од сексуално преносливи болести.



# ТВОЈОТ ХОРОСКОП



**ОВЕН - Пари**: Венера, планетата на благосостојбата и истовремено владетел на вашето финансиско поле до 4 април ќе престојува токму во вашето поле на пари. Во преден план ќе дојде можноста да уживате во плодовите на вашата работа но истовремено да се воздржите од поголеми расходи, имајќи предвид дека непромислениот Марс токму на 21 март ќе го напушти ова поле. Овните кои се занимаваат со комуникација и транспорт ќе забележат позабележителен успех.

**Здравје**: Внимавајте на пролетните алергии, воспаленија и главоболки. Иако ќе почувствувате наплив на нова енергија, истовремено, ви се препорачува да поведете грижа за секојдневните физички активности.

**Љубов**: Фокусот во овој период ќе бидат токму љубовните премрежија. Првата половина на април ветува необични но возбудливи искуства за слободните претставници на овој знак. Овните кои се во врска да обрнат внимание околу 10 април; можни се непријатни случки со вашиот партнер. Премногу сте насочени кон себе во овој момент; не заборавајте да ја потврдите својата љубов со едноставни, но значајни гестови.



**БИК - Пари**: Венера, планетата на благосостојбата и истовремено владетел на вашето финансиско поле до 4 април ќе престојува токму во вашето поле на пари. Во преден план ќе дојде можноста да уживате во плодовите на вашата работа но истовремено да се воздржите од поголеми расходи, имајќи предвид дека непромислениот Марс токму на 21 март ќе го напушти ова поле. Овните кои се занимаваат со комуникација и транспорт ќе забележат позабележителен успех.

**Здравје**: Внимавајте на пролетните алергии, воспаленија и главоболки. Иако ќе почувствувате наплив на нова енергија, истовремено, ви се препорачува да поведете грижа за секојдневните физички активности.

**Љубов**: Фокусот во овој период ќе бидат токму љубовните премрежија. Првата половина на април ветува необични но возбудливи искуства за слободните претставници на овој знак. Овните кои се во врска да обрнат внимание околу 10 април; можни се непријатни случки со вашиот партнер. Премногу сте насочени кон себе во овој момент; не заборавајте да ја потврдите својата љубов со едноставни, но значајни гестови.



**БЛИЗНАЦИ - Пари**: Во последната недела од месецот март можни се мали финансиски непријатности (26 март). Ќе мора да внимавате да не ја испуштите контролата над ресурсите и начините на нивното трошење. Со ретроградното движење на Меркур можете да заборавате предмети и нешта. Не се препорачува да купувате поголеми предмети за домаќинството.

**Здравје**: Владетелот на вашето природно поле на здравјето предупредува на неочекувани проблеми со дишните патишта. Сите оние алергични на пролетен полен нека ги преземаат сите мерки на предпазливост. Потребна ви е блага клима со многу Сонце!

**Љубов**: Сеедно што Венера од 4 април позитивно вибрира во вашето прво поле, можни се конечни одлуки во вашиот љубовен живот кои може да остават трајни резултати (втората половина на април). Време е да се одлучите дали и понатаму ќе ја барате љубовта на свој начин или ќе одлучите да се смирите со една личност!



**РАК - Пари**: Токму вашата променлива природа ќе биде одговорна за неповолните финансиски моменти на крајот од март. Потаму, во месецот април, состојбата на монетарен план значително се подобрува. Územ Поволен период за Раковите уметници. Останатите ќе се обидат заедно со деловните партнери да ги остварат заедничките цели.

**Здравје**: Освен во последната декада од март кога се можни хронични проблеми со стомакот, сепак во подоцнежниот период планетите од нашиот Сончев систем ветуваат одлична здравствена заштита.

**Љубов**: Интересни случувања на емотивен план во периодот од 2-14 април. Сите слободни

Ракови ќе бидат обземени со поголема комуникативност и отвореност. Вашата појава нема да изостане незабележана од погледите на спротивниот пол.



**ЛАВ - Пари**: Ретроградниот Јупитер во Девица со своите неповолни аспекти покажува дека својот насобран капитал можете да го трошите на неефикасни цели. Со еден збор, мора да размислите што е поважно во овој момент и таму да ги насочите своите средства. Не ви се препорачува шопинг. Сепак, слободно подновете ја пролетната гардероба, ако на тоа сте приморани.

**Здравје**: Внимателно со напорите и активностите во овој период; без разлика на тоа што владеењето на Овенот секогаш ве опремува со одлична психофизичка состојба, можни се проблеми со главоболки и грбот, како и со циркулаторниот систем, на крајот од март.

**Љубов**: За очекување се многу многубројни љубовни врски и афери кои ќе ви го одземаат вниманието. Лавовите кои веќе имаат стабилна врска нека внимаваат на своето расположение и темперамент, посебно од 5-15 април. Се надевам дека ќе ги послушате нашите совети и ќе успеете на мирен начин да ги решите сите проблеми со партнерот.



**ДЕВИЦА - Пари**: Се наоѓате во неповолна финансиска состојба. Без разлика на вашата инклинација кон штедливост и разумно менаџирање со средствата, ќе се соочите со неочекувани трошоци поврзани со партнерот (околу 10 април), како и купување на неопходни елементи во домаќинството. Внимавајте да не се задолжите!

**Здравје**: И на здравствен план ќе ви биде потребно извесно време за аклиматизација. За да не отсуствувате од секојдневните активности ви се препорачуваат чести вежби и витаминска исхрана. Нервите ви се на крајот кога станува збор за односите со колегите и претпоставените.

**Љубов**: По бурно изминатиот период, во следниве неколку месеци ќе настане примирје. Искористете го тоа да ги насочите активностите кон домот и семејството; секогаш вашите љубени се среќни кога имате време да се грижите за нив.



**ВАГА - Пари**: Се до 12 април се очекува поволна финансиска положба иако сеуште ќе имате желба да потрошите средства за итните потреби: нова облека, модерни обувки, шминка... Ако навреме не застанете на необјаснивата потреба да потрошите пари може да се најдете во неповолна ситуација.

**Здравје**: Ќе имате доволно енергија да се соочите со проблемите, но секогаш треба да посветувате доволно време и на исхраната. Вашата склоност кон слатки јадења може негативно да се одрази на физичкиот изглед. Не е доцна да се запишете на некој курс по фитнес или други спортски активности. Високото ниво на ментална енергија мора да содејствува на вашата способност да одделите време за телесни активности.

**Љубов**: Планетите на љубовта, во овој период, чинат конфликтни и полни со енергија аспекти. Се соочувате со бројни предлози за љубовни активности; секако и вие предлагате. Се чини најплоден период ќе биде април. Ќе блескате со еротичност; нема да можат да ви одолеат!



**СКОРПИЈА - Пари**: Можеби ќе биде потребно да преземете ризици кои веднаш нема да ви дадат потврда за нивно позитивно резултирање. Сепак, ви препорачуваме да се потпрете на интуицијата затоа што ѕвездите ви се наклонети. Нема да зажалите и финансиските резултати набргу ќе бидат видливи.

**Здравје**: Големото количество на енергија ќе ви биде потребно за другите полиња од животот кои ќе ви одземат голем дел од вашите резерви на сила. Но, имате голема желба да вложите напор и труд, па знаеме дека нема (а можеби и не треба) да го послушате нашиот совет за разумно и умерено активирање на целокупните психофизички ресурси.

**Љубов**: Искористете го позитивното дејство на Венера во вашето поле на љубовта до 4 април. Можност за пријатни моменти со сакаsuccessfully личност и дружење со искрените пријатели.

Набргу се појавува можност за стабилизирање на љубовните врски.



**СТРЕЛЕЦ - Пари**: Нема конкретни и важни аспекти во однос на финансиските ресурси но единствениот кој може да го признаеме говори за откажување на очекуваната финансиска помош од партнерите. Не се потпирајте на секого; само со сопствени напор може да постигнете забележливи успеси.

**Здравје**: Имате потреба да се движите, патувате и освојувате. За да го направите тоа мора да бидете во врвна психофизичка состојба. Планетите и констелациите не ветуваат дека ќе бидете толку добро подготвени. Проблеми со метаболизмот и варење на храната.

**Љубов**: Венера и Марс веќе успеваат и да стигнат до вашето 7 поле на љубов, конфликти со партнерите. Секогаш наоѓате време да се посветите на размислувањата за емотивната сосотојба. Уште повеќе сакате да освојувате и фасцинирате. Сепак тоа ќе ви биде на дофат во овој период.



**ЈАРЕЦ - Пари**: Неповолни се случувањата во одделот за финансиска сигурност. Неповолните аспекти покажуваат потреба од внимателност при потпишување договори и доделување на довербата кај вашите соработници. Можност за успех ако се занимавате со недвижнини (12 април).

**Здравје**: Не дозволувајте да ве обземат црни мисли поврзани со вашата моментална положба и иднина. Сега не е поволен период да си ја влошувате здравствената ситуација. Мора да се одморите и да ги насочите своите копнежи кон остварлива цел. Важно е да остварите контакти со лица кои ви се од значење и кои ќе можат да ве отргнат од нервозата.

**Љубов**: Срамежливи сигурно не сте во овој период. Убави моменти доживеавте со саканата личност, а сакате тоа да продолжи и во наредните денови. Ќе бидете отворени и ќе ги ставите картите на маса. Одлична можност за запознавање нови и возбудливи личности.



**ВОДОЛИЈА - Пари**: Добри можности и расположение за успешно менаџирање со средствата (околу 4 април). Но, веќе по 10 април постои можност да бидете заразени од потребата за шопинг. Разумно управувајте со парите, ќе ви бидат потребни за секојдневните обврски.

**Здравје**: Сатурн и тука ви носи незгоди и проблеми со дишните патишта. Внимавајте, во овој период, на сообраќајните средства: секогаш користете ги пешачкиот премин и зеленото светло на семафорот!

**Љубов**: Промени, неочекувани, ве очекуваат на љубовното поле. Но, со ретроградното движење на Меркур во Бик, а потоа и во Овен, се наметнува вашата несигурност: дали сте на чисто во однос на тоа што чувствувате?



**РИБИ - Пари**: Владетелот на вашето финансиско поле, Марс, неповолно го аспектира вашето Сонце во Риби со што само се потврдува потребата од штедење и внимателно раководење со парите. Со Марс во Близнаци можете да очекувате набавка на некој апарат или предмет во домаќинството.

**Здравје**: Можни се хронични проблеми со метаболизмот и варењето на храната. Потребни ви се физички активности и правилна исхрана ако сакате да се чувствувате задоволни. За среќа, пријатното време ве поттикнува на прошетки со пријателите како и спортување.

**Љубов**: Имате чудна претстава за љубовта; често ги менувате замислите за тоа како треба да изгледа вашиот идеален партнер. За сето време пак ви се редат многу можности но вие тешко се одлучувате за една или пак се одлучувате за сите! Конфликтите со партнерот се неизбежни во овој момент; но тоа не значи дека не можете хармонично да ги разрешите сите недоразбирања.


**во издание на:**

STAR

**подржано од:**

HOPS

SWAN

Public Health Program
Sexual Health and Rights Project (SHARP)